**20242223880**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување  на Законот електронските комуникации,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 октомври 2024 година.

Бр. 08-5080/1
24 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Силјановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Член 1

Во Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19, 153/19 и 92/21)  во член 27 во ставот (1) зборовите: „Дирекцијата за заштита на лични податоци“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на личните податоци“.

Член 2

Во член 71-а став (2) во алинејата 12 зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Во ставот (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Член 3

Во член 71-б во ставот (2) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Во ставот (4) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Член 4

Во член 71-в во ставот (1) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Во ставот (5) зборовите: „Министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерот за дигитална трансформација“.

Член 5

Во член 71-д во ставот (3) зборовите: „министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот за дигитална трансформација“.

Во ставот (4) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Во ставот (5) зборовите: „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за дигитална трансформација“.

Член 6

Во член 166 во ставот (7) зборовите: „Дирекцијата за заштита на лични податоци“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на личните податоци“.

Член 7

Во член 167 во ставот (1) зборовите: „Дирекцијата за заштита на лични податоци“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на личните податоци“.

Во ставот (4) зборовите: „Дирекцијата за заштита на лични податоци“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на личните податоци“.

Во ставот (5) зборовите: „Дирекцијата за заштита на лични податоци“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на личните податоци“.

Во ставот (6) зборовите: „Дирекцијата за заштита на лични податоци“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на личните податоци“.

Член 8

Во Глава деветнаесетта, во насловот зборовите: „КАЗНЕНИ И“ се бришат.

Член 9

Членот 179 се менува и гласи:

„Користење на радиофрекфенции без одобрение за користење на радиофрекфенции

(1) Глоба во износ од 10.000 до 50.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице кое користи радиофрекфенции без одобрение за користење на радиофрекфенции за вршење на радиодифузна дејност и со тоа за себе стекнува имотна корист.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице и трговец-поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 10

Во член 180 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 7% до 10% од вкупниот годишен приход на правното лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е

сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице и трговец-поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорно лице во правно лице и овластено службено лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 11

Во член 181 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 4% до 7% од вкупниот годишен приход на правното лице (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице започнало да работи, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Во точката 28 зборовите: „Дирекцијата за заштита на лични податоци“ се заменуваат со зборовите: „Агенцијата за заштита на лични податоци“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице и трговец-поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорно лице во правно лице и овластено службено лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 12

Во член 182 во ставот (1) по зборовите: „Глоба во износ од“ се додаваат зборовите: „10.000 до“, а зборовите: „односно трговецот поединец,“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице и трговец-поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додав нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорно лице во правно лице и овластено службено лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 13

Во член 183 во ставот (1) по зборовите: „Глоба во износ од“ се додаваат зборовите: „5.000 до“, а зборовите: „односно трговецот поединец,“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице и трговец-поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорно лице во правно лице и овластено службено лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 14

Во член 184 во ставот (1) по зборовите: „Глоба во износ од“ се додаваат зборовите: „2.000 до“, а зборовите: „односно трговецот поединец“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице и трговец-поединец за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорно лице во правно лице и овластено службено лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.“.

Член 15

Во член 186 во ставот (1) зборовите: „членовите 180, 181“ се заменуваат со зборовите: „членовите 179, 180, 181“, а зборот „три“ се заменува со зборот „две“.

Во ставот (2) зборовите: „членовите 180, 181“ се заменуваат со зборовите: „членовите 179, 180, 181“, а зборовите: „во траење од три месеци до една година“ се заменуваат со зборовите: „најдолго до една година, сметајќи од правосилноста на одлуката.“.

Во ставот (3) зборовите: „членовите 180, 181“ се заменуваат со зборовите: „членовите 179, 180, 181“, а зборовите: „во траење од три месеци до една година,“ се заменуваат со зборовите: „најдолго до една година, сметајќи од правосилноста на одлуката,“.

Член 16

Членот 186-а се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени со членовите 179, 180 и 181 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.“.

Член 17

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.